Република Северна Македонија
Министерство за животна
средина и просторно планирање
Бр. 04-150/43
21.01.2021 год.
Скопје

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor
dhe Planifikimit Hapësinor

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR
DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Бр.-Nr. 04-150/43
21. 01. 2021 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 22 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/18, 198/18 ) и („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.143/19 и 14/20), член 23 став 4 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/2010, 52/2010, 124/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 13/2013, 25/2013, 170/2013, 187/2013, 113/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 129/2015, 27/2016, 120/18) и („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.110/19 и 267/20), а во врска со објавениот оглас бр.1/2021, Државниот секретар донесе:

# ОДЛУКА
## за невршење на избор на
## кандидат за вработување по пат на јавен оглас на определено време

1. НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР на кандидатот Мимоза Манасиевска за работното место Соработник за остварување мултилатерална соработка со меѓународни организации, Сектор за координација на работата на Министерот – 1 извршител по јавен Оглас бр. 1/2021 за вработување на лица на определено време, во Министерството за животна средина и просторно планирање.
2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

*Образложение*

По барање на Министерството за животна средина и просторно планирање, на ден 12.01.2021 година беше објавен јавен оглас под број 1/2021 година за потребата од вработување на 14 (четиринаесет) извршители на определено време во весниците „Слободен печат" и „Lajm" меѓу кои и за работно место Соработник за остварување мултилатерална соработка со меѓународни организации, Сектор за координација на работата на Министерот – 1 извршител. Работното место е систематизирано со Правилникот за систематизација на работните места на Министерството за животна средина и просторно планирање и не е пополнето.

Комисијата за селекција формирана од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање, во функција на спроведување на постапката за вработување на лица за извршување на работите од точка 1 на оваа Одлука, во Министерството за животна средина и просторно планирање спроведе постапка што е констатирано на записник од административна селекција бр.04-150/22 од 18.01.2021. По завршената постапка за селекција за ангажирање на лицата на определено време констатирано е дека Мимоза Манасиевска не ги исполнува условите затоа што нема соодветно образование за тоа работно место.

Врз основа на горенаведеното одлучено е да не се изврши избор на кандидат за наведеното работно место.

**Правна поука:** Против оваа Одлука, незадоволниот кандидат има право на жалба во рок од (8)осум дена, од денот на објавувањето на одлуката на веб страната на Министерството за животна средина и просторно планирање, преку Министерството за животна средина и просторно планирање до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка за работен однос од втор степен.

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање
Скопје

Државен секретар
Каја Шукова